Timotijević, Božidar. „O slikovnicama”. *Detinjstvo*. Novi Sad: Zmajeve dečje igre, 1986, br. 1, 59.

Хаџић, Зорица. *Отворена писма Јована Јовановића Змаја*. Нови Сад: Змајеве дечје игре, 2009.

Цуцић, Сима. „Чика-Јова данас”. *Из дечје књижевности, Осврти и чланци*. Нови Сад: Матица српска, 1951, 37–50.

Цуцић, Сима. „Змај и дечја књижевност”. *Огледи из књижевности за децу*. Зрењанин: Градска библиотека „Жарко Зрењанин”, 1978, 42–49.

Шевић, Милан. *Дечја књижевност српска; оглед историјскога прегледа*. Нови Сад: Електрична штампарија учитељскога Д. Д. „Натошевић”, 1911.

Tamara R. GRUJIĆ

ZMAJ'S *NEVEN* AND THE BEGINNING
OF SERBIAN COMICS FOR SHILDREN

Summary

This paper deals with illustrations in *Neven*, a modern magazine designed according to the rules of the European magazines for children, in the spirit of a romantic view of the world. The illustration is the first thing that attracts attention of a child and calls on reading and for this reason it is a good way for introducing children into the world of literature.

*Neven*'s graphical dimension (illustrations) is aesthetically important and meaningful element in the magazine. The illustrations, which have a high level of excellence and ”stories in pictures”, present a mixture of entertainment and education, and they influenced Zmaj's *Neven* to become one of the most popular magazines for children. This paper outlines Zmaj's importance because he was the originator of Serbian comics for children.

Key words: *Neven*, illustrations, magazine for children, comics, child

UDC 821.163.3–93.09

*Јованка Д. ДЕНКОВА*
*Универзитет „Гоце Делчев“*
*Филолошки факултет, Штип*
*Република Македонија*

# СПИСАНИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА, НИВНАТА ИНТЕРМЕДИЈАЛНОСТ СО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА, НИВНАТА СОЗНАЈНА, ЕСТЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ВОСПИТНА ФУНКЦИЈА

РЕЗИМЕ: Во овој труд се прави осврт на првите никулци на македонската народна и уметничка книжевност за деца и младина, за веднаш потоа да се проследи развојот на онаа прва генерација македонски писатели за деца, од кои најголемиот дел, истовремено беа и основачите, основоположниците и главни уредници на првите списанија за деца во Р. Македонија, веднаш по ослободувањето. Потоа се прави внимателен разглед на неколку списанија за деца, од различни периоди, начинот на нивното организирање и структура на рубриките, нивната сознајна, естетска, социјална и воспитна функција. Тргнувајќи од сознајната која детето го напојува со нови вистини, факти ин-

формации, движејќи се кон воспитната која морално и етички го издигнува и го гради како човек, па сè до социјалната, отворајќи му можност да стапува во контакти со други деца, со нив да соработува, тимски да се оспособува, за на крај сето тоа во една естетска добро спакувана форма да излезе како краен резултат.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: списанија за деца, писатели за деца, воспитна функција, социјална функција, естетска функција.






## 1. Вовед

Во науката за книжевноста постојат поделени мислења во врска со традицијата и стилско-изразниот феномен на книжевноста за деца и младина. Според некои автори, таа книжевност води потекло од детскиот фолклор, а според други, почетоците на ваквата книжевност се поврзуваат со почетоците на книжевната уметност, пред и во античката епоха. Постојат и такви кои ги застапуваат и двете гледишта, надополнувајќи дека книжевноста за деца и младина, со своите стилски обележја и педагошки особености настанува во периодот на Пушкин, браќата Грим, Андерсен, Луис Керол и Жил Верн.

Кај едните пренагласена е тезата за народната основа на оваа книжевност, кај другите преовладува митолошка основа, па третата група книжевници служи како баланс на претходните две. Меѓутоа, она за што се сите согласни, е дека книжевноста за деца и младина е еден естетски и воспитно-образовен спецификум. Од една страна, таа е легитимна книжевност, а од друга страна легитимни се и сите нејзини задачи кои ја прават како една книжевна посебност. Книжевноста за деца и младина е посебна книжевна област со своите идеи, воспитни и уметнички обележја и специфичности. Но, независно за какви специфичности се работи, таа е составен дел на народната и уметничката книжевност. Во себе оваа книжевност освен уметничката вредност крие и естетска и воспитна вредност. Воспитноста се остварува само во книжевните содржини кои имаат уметнички карактер во себе, а естетската вредност доаѓа како облик на самата книжевност. Книжевноста за деца е наменета за најмладиот читател или слушател, и е во склад со психофизичката возраст, во сооднос со интелектуалното искуство на децата. Неопходно е книжевноста да ги прилагодува своите теми и мотиви, посебно стилот и изразните средства во склад со детските образовни можности и способности. Овој факт укажува на исклучителната сериозност и деликатност во книжевното творење за деца. Треба да се создаде уметнички вредно дело, а од друга страна авторот да биде постојано во дослух со детските перцептивни можности. Писателот мора да го прилагодува своето пишување, постојано внимавајќи дека создава уметничко-јазично дело кое носи педагошка и дидактичка порака. Општо познато е дека човековата личност се формира уште во детството, за подоцна да се надоградува, усовршува. Па затоа, воопшто не е сеедно со какви инструменти на воспитување располагаме, со што и како им ги остваруваме духовните хоризонти на децата. Воспитната функција на книжевноста во суштина е хуманистичка. Таа детето го свртува кон минатото за да ја спознае историската судбина на својот народ и на човештвото. За да го запознае со својот сопствен корен, таа го ориентира детето кон неговиот животен презент, запознавајќи го со убавините и вистините, тешкоти-

ите и несреќите на секојдневниот живот. Таа погледот на детето го свртува кон иднината не заборавајќи да го потсети дека кризните состојби доаѓаат и си заминуваат, но животот на човекот останува да блеска со сета своја величественост. Токму во тоа е социјалната смисла на книжевноста за деца. Таа детето го подготвува не за престој туку за самостојно и високо морално дејствување во животот.

## 2. Зачетоци на македонската книжевност за деца и младина и нејзините претставници

Првите никулци на македонската народна и уметничка книжевност за деца и младина ги бараме посебно во втората половина на 19 век, и тоа во делата на браќата Димитар и Константин Миладинов, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Јордан Хаџи Константинов-Џинот и Григор Прличев. Посебно за децата, во различните дела на овие автори, се посветуваат приспивни песни, детски игри, приказни и други детски уметнички обележја кои го разубавуваат светот на младите, воедно претставувајќи еден посебен дидактички свет. Долга е низата на македонски автори кои создавале и твореле специјално за децата. Поради тоа што темата на овој труд главно е насочена кон детските списанија, посебно би издвоиле некои автори кои се тесно поврзани со издавањето и печатењето на истите. Некаде во првите места би го сместиле Славко Јаневски кој, воден од мотото дека детето има свој вкус, свој радар и критериуми, создал зад себе богато детско творештво. Тоа мото е главното движење во една поетика за деца, околу која сѐ уште, денес како и вчера, а сигурно и во годините и декениите што се пред нас, ќе се вртат многу критички и теориски недоразбирања, навидум тивки конфликти и обемни дискусии кои како и секогаш ќе го задржуваат вниманието до недоглед, а ќе ја подигнуваат желбата да се изнајдат нови заклучоци и ставови, до бесконечност. Како носител на ова мото Славко Јаневски се јавува и како основач на првите весници за македонските деца *Пионер* и *Титовче*. Бил уредник на списанијата *Нов ден* и *Современост* и на весниците *Остен* и *Хоризонт*. Сеќавајќи се на првите почетоци од својата работа како писател за деца, но и по повод дваесет и петгодишниот јубилеј на „Детска радост" изнесува дека му било наложено да состави и организира весник за понерите кој на своите страници ќе содржи песни и раскази за партизани, авиони, штурци балони, тревки, пионери, пионерки, бубачки и шумски зверки. Она што е најбитно од сѐ, е дека овој автор на чудесно прекрасен начин успева да најде однос меѓу реалното и фантастичното, знае да раскажува толку уверливо што децата не ги разликуваат границите меѓу можното и невозможното, истакнувајќи ги на преден план своите размислувања и оценки, хуморот и разновидноста. Како никој друг писател, верува во вистинитоста на детските соништа нудејќи им помош во нивното остварување преку магичноста на зборот и волшебниот свет на книжевните страници.

Ништо помалку вредно и значајно е името на Ванчо Николески. Може слободно да се рече дека една и пол деценија македонската детска литература беше исклучиво во негов знак. Тој не е само најприсутен македонски автор во сите средини меѓу 1945 и 1960, ами може да се нарече татко и прво перо на таа литература. Како ученик и млад учител се јавува со песни за деца, објавувајќи ги во весниците *Учитељски подмладак*, *Правда*, како и во списанието *Венец*. Тој е истовремено орач и сејач, има свои теми и свои сфаќања за детското книжевно творештво. Детето е во времето, а не надвор од него, тоа е оска на животот, светот, дејствијата, животната драма. Детето се наоѓа себе си и во сонот и во јавето, сигурно дека приказната е негова и наменета исклучиво за него.

Еден од уредниците на „Македонска книга“ и „Детска радост“ – Васил Куноски – во своите песни и книги посветени за децата, безрезервно припаѓајќи му на своето време, на својата патриотска младина, носи една генерална порака со низа социјални мотиви и патриотизам.

Предводникот на втората генерација повоени македнски писатели за деца и младина, Глигор Поповски, работел како уредник во книгоиздавателството „Детска радост“, а се јавува со песни, но и како уредник уште во 1949/50 во *Пионерски весник*, *Титов пионер*, *Другарче*, *Развигор* и *Росица*. Неговите први книшки песни каде движечки мотив е играта, му овозможуваат на детето песната да ја доживее како игра, како начин да се разоноди од сè во себе и околу себе и да направи објект со кој и поради кој ќе се игра. И уште повеќе, во рувото на играта се облекуваат дури и неговите сериозни должности што веќе се јавуваат кај детето во одреден животен период, затоа што детето не е наивно суштество, ами личност на која и е дадена можност чекор по чекор квалитетно да се изградува.

Жанровски сложено, естетски издиференцирано, книжевното дело на Томе Арсовски е едно од најзначајните во историјата на македонската драма, роман и книжевноста за деца и младина. Како долгогодишен уредник на радио и телевизија, успеал да го најде најдобриот детски филтер на енергија – чинот на авантурата. Не како можност за бегање од себе си и својот свет, туку и како можност за доживување на еден нов статус низ перипетиите на драмата, чиј режисер е самиот голем противречен и непредвидлив живот.

Следат имињата на Александар Поповски, Стојан Тарапуза, Видое Подгорец, Оливера Николова и уште имиња на низа други автори кои со чекори од иљада миљи брзаат кон освојувањето на нови мотивски и изразни простори во кои ќе заживее детскиот свет, ќе се шири детската насмевка и радост, ќе се твори само за детско срце и глава, ќе царува детска исполнетост и среќа.

### 3. Детски списанија. Начин на нивно организирање и структура, нивната сознајна, естетска, сосијална и воспитна функција

Независно кога се појавиле, колку се стари и на каков начин се отпечатени, списанијата за деца имаат функција да ги забавуваат децата, да ги поттикнуваат на одредени нешта и што е најважно – да ги подучуваат. Структурирани сите на различен начин, а сепак со слични особености. Со самиот временски развој и промените на секојдневието се менувале и списанијата за деца. Но, нивната намена и посветеност исклучиво за децата не се променила. Се читаат и ден денес, а секое едно дете се радува на новоизлезениот број. Вклучуваат во себе различни области, актуелни теми, примамливи за сечиј детски вкус и го задржуваат вниманието на детето поттикнувајќи го со нетрпение да го очекува следното издание. Во себе кријат различни содржини кои носат некаква порака за децата. Нивната поврзаност со книжевноста е повеќе од очигледна. Обработуваат делови од познати дела на познати автори. Во истите е сместена поезија на врвни поети. Ги слават имињата на познатите книжевници и црпат инспирација токму од книжевноста. Во поголемиот дел од списанието се сместени и обработени токму книжевни теми. На интересен начин, достапен за децата, му ја доловуваат главната порака, која еден книжевник, автор, поет сака да ја пренесе во своето дело. Така, на еден начин дури и му го прават подостапен и поразбирлив оној потежок книжевен свет посветен на повозрасните. Независно за кое списание станува збор, рубриките се горе-долу слични. Постои една т. н. дежурна страница во која на-

кратко се внесени содржините кои ќе се обработуваат во целото списание. Напишани се телефонските броеви и адресата на издавачката куќа, името на редакторот, на директорот и главниот уредник. Па, овој начин на структура главно можеме да го забележиме во списанието *Наш свет*. Како посебно интересно го издвојуваме изданието од 1979 (бр. 626) и 1997 година и тоа од 8. 1. 1997 до 28. 5. 1997 (учебна 1996–97 год.). Ова списание е под редакција на издавачката куќа „Детска радост“, а како тогашен директор и главен уредник го имала Петре Бакевски.




Во секој еден број на списанието постои на првата страница актуелна или т.н. наша тема која се обработува. Па, како пример ги наведуваме „другарството се негува“, „зимата доаѓа“, „предлози за среќна година“, „вие и вашиот страв“ итн. На оваа страна, под овие наслови главно се упатуваат совети до децата. Има воспитна функција, па ги подучува и воспитува децата на она што е правилно, морално и слично. Така, во темата за другарство, толеранцијата, вниманието, дискрецијата и лојалноста ги наведува како главни фактори. Оваа рубрика, всушност, ја носи пораката еден за сите, сите за еден. Им укажува на децата дека сите луѓе немаат исти вкусови, ставови и размислувања, но човек треба да го прифаќа другиот човек, односно другар, со сите свои мани и недостатоци. Не се создадени сите по наша желба и мера, па секој треба да знае да се носи и живее со овој факт. Другарството не поднесува ниски удари, работење зад грб, туку отвореност, искреност, спремност да се даде жртва за другиот. Но, оваа страна не останува само на тоа. Им дава можност на децата, на забавен начин, преку тест или квиз со искрено понудени и одбрани одговори да го тестираат и испитаат своето пријателство.

Секој човек се плаши од нешто. Почнувајќи од тремата која нè тера да трепериме, па до ужасот кој нè парализира, стравот наоѓа иљада и еден начин да ни го загорчи животот. Но, затоа тука е *Наш свет*




да помогне и да даде совети како тој страв може да биде надминат. Ако некогаш чувствувавме страв од непознатото, подобро би било со нештото и за нештото прво да се распрашаме и информираме, па потоа да презомеме одредена активност. На тој начин нештата би биле донекаде попознати, а и стравот би се намалил. Доколку имаме страв од ризик, пожелно е да ги избегнуваме сите ризични ситуации кои кај нас го влеваат овој страв. Но, се вели дека стравот е некогаш и пожелен. Тој е она својство кое постојано нè држи будни, го диктира нашето однесување и постапување. Во мали дози тој е одличен стимуланс. Понекогаш дури и се вели дека на човек му дава крилја да го реализира и навидум невозможното.

Посетата на различни училишта, следењето на училишните активности, успесите на децата, овозмо-

жува да биде креирана и следната страна на списанието, насловена како „училишна панорама“. Оваа панорама врши преглед на тоа што сработило одредено училиште, служејќи истовремено како поттик за другите училишта да ги постигнат успесите на она најдоброто.

Историскиот блок, блоковите поврзани со физика и хемија уште би можеле да ги сведеме под сознајна функција, затоа што даваат преглед на одредени историски активности, развој на одредени материи што живот значат. Така говори за „санките низ вековите“, „како настанале атомските бомби“, „без вода не се може“, „роботот механичар“ и сл. Па, така, можеби ќе нѐ изненади информацијата дека децата се санкале уште во предисторијата. Дека санките потекнуваат од предисториските дни. Дека тие биле превозно средство цели 8.500 години. Можеби ќе нѐ изненади и тоа што постоеле и тогаш роботи кои се движеле и работеле сами и покрај не толку развиената технологија.

Книжевните страници без исключок се застапени во секој број на списанието. Дадени во форма на прашања, кратки наслови или исечоци нудат информации и обработуваат одредени книжевни дела. На пример, *Островот со скриеното богатство*, *Прекрасното патување на Нилс Холгерсон*, *Сребре и јас*, *Повикот на дивината*. Прилагодени во зависност од возраста, структурирани по училишни години, одговараат на прашањата – каде е богатството? Кој е палавиот Нилс Холгерсон? Колку е присутна музикалноста и чувственоста во *Сребре и јас*? И кој е тој исконски повик на дивината? Кое е тоа благородно животно?

За оние најзаљубените следат вљубени страници во кои се слуша говорот на љубовта, во кои следат цитати на мудрите за љубовта. Одговараат на прашањата како некому да се каже те сакам, како полесно да се излечи напуштеното срце, како да се пронајде идеалната љубов, кои одговорности таа ги носи со себе? Тука имаат можност и учениците/децата да бидат поети и писатели, па сами да творат и да ги испраќаат своите дела до списанието. Да се слушне и нивниот заљубен глас, да се отвори вљубеното срце, да се пронајде своја сродна душа. Но, не само во поглед на љубовта можат да бидат креативни. Списанието отвара и посебен ликовен блок во кој тие ги испраќаат своите уметнички дела. А за мотивацијата да биде поголема секако следат и награди за најдобрите.

Во математичката страна понудено им е на забавен начин да ја вежбаат математиката, да ги подобруваат своите математички вештини. Па, така, имаат можност да решаваат задачи за 5+, да ги најдат одговорите на мозгалката или да го впишат бројот кој недостасува.

Дека секогаш списанието ги слуша и исполнува желбите на децата, говорат страниците со постери на познати личности – пејачи и глумци испечатени токму по порачка и желба на децата. Нуди и други дополнителни информации за активностите на овие познати личности, за нивните снимени филмови или песни, нивните следни настапи. Особено за машката популација издвојува спортски страници во кои нашироко се објаснува за актуелните фудбалски, кошаркарски и други спортски настани. На тој начин се исполнува сонот на детето да се доближи до светот на неговиот идол.

Следно списание кое би сакале да го издвоиме е *Другарче*, и тоа бројот од 1983 год, 15 февруари. Издавачка куќа е повторно „Детска радост“ и РО НИП „Нова Македонија“, со главен и одговорен уредник Глигор Поповски. Самиот наслов на списанието кажува дека овие страници се вечен другар на детето. Два пати во месецот се резервирани да изненадуваат и информираат со нови теми, да се забавуваат и дружат со децата. Слично структурирано како и *Наш свет*, содржи во себе книжевни страници во кои се обработени поетски дела. На при-

мер, песната „Виолина“ на живко Николовски или „Карневал“ на Наум Поповски. Имаме повторно една актуелна тема, на пример, за тоа како да владееш со своето време, како да се организираш и да ги испланираш сите свои активности. А пораката до детето е доколку сака да има доволно време за сè, треба да научи да владее со него. Секако и историскиот блок не е заборавен. Предаден е во овој број во вид на сеќавање на една партизанска учителка преку текст насловен како „Боровинки и јагоди за борците“. Овој расказ говори за летото 1942, за партизаните, пионерите и вооружените фашисти. На последните страници од ова не многу обемно списание сместен е и забавниот блок кој вклучува крстозбори, игри со зборови, пронаоѓање на разлики на одредени слики и пополнување и решавање на празни полиња. Секако дека е даден и простор за креативноста на децата во форма на доцртување на веќе започнати слики, пронаоѓање на соодветни бои со цел вешто да се раководи со спектарот на бои.





На сличен начин како и претходните две, структурирано е следното списание *Развиīор*. Во него ги издвоивме годините 1970–1971, 1984 и 1998 година на издавање, под редакција на „Нова Македонија“, работна единица „Детска радост“ со главен и одговорен уредник Александар Поповски. Во ова списание постои дел насловен „мала јазична школа на развигор“ во кој децата имаат можност да го вежбаат не само мајчиниот, ами и други странски јазици. Имаат можност да научат како да пишуваат писмени состави, да раскажуваат одредени секојдневни случки и сето тоа на еден подобар стилски начин. Па така, се говори за „одлично поминатиот летен распуст“, за „писмата кои другарките си ги пишуваат меѓу себе“ со цел иако раздвоени километри, да останат в контакт, за „грешките на Влатко“ и уште многу многу слични теми. Страните на литературата секако не се испуштени. Имаат можност да читаат дел од *Сīараīа īврдина* на Видое Подгорец, да влезат во светот на бајките, да ги прочитаат и разберат песните посветени на Самоил, Климент, Наум и Прличев. На другите страни следат низа текстови кои говорат за различни теми кои во суштина содржат сознајна и воспитна функција, на пример, царството на првиот „буквар“, и „од глас до писмо“ и слично, од кои децата треба да извлечат некаква поука. Па така, во дамнешо време кога човекот живеел многу примитивно, тој не знаел да зборува. Во прво време испуштал само некои гласови. Неговите емоции и чувства можеле да се прочитаат само преку неговото лице. Но, како што се усовршувал и развивал самиот тој го усовршил и развил звуковниот говор. Се здобивал и збогатувал со знаења кои прво усно ги пренесувал. Но, со цел да не бидат заборавени кажаните работи решил тие да се запишуваат. За да можат денес децата да читаат и пишуваат првенствено им е потребен буквар. А кога ќе ги совладаат основните вештини ќе имаат можност да влезат во страниците на посложениот книжевен свет, зашто книгата ја отвора вратата на светот и нè води кон нови искуства и сознанија.

Забавниот дел и овде го сочинуваат лавиринти, крстозборки, вицови, гатанки. Но, постои и дел каде децата се во можност да ги проверат своите знаења од областа на географијата, историјата, математиката. Постои и друг дел каде тие можат да бидат креативни и тие самите да творат и создаваат

дела во кои како потпис на крајот ќе стои нивното лично име.

Илустративниот дел е значајна компонента која пренесува порака од визуален код и има сознајна функција да ја отслика содржината, сообразена на возраста на детето. Илустрациите создадени од еден прочуен детски илустратор низ целото списание, што е концепциска законитост во создавањето детски списанија во светски рамки, создаваат директен начин на комуникација со детето, го поттикнуваат мисловниот процес, ја развиваат имагинацијата, нагласувајќи ја когнитивната функција, придонесуваат за севкупниот развој на детето преку стимулирање на неговата перцепција и развојот на интелектуалниот потенцијал.

Хумористичниот третман на илустрации речиси секогаш побудува интерес кај децата. Секое дете сака да биде среќно, радосно и весело и многу лесно се преселува на смеата и можностите и другите да се смеат. Најновите педагошки истражувања велат дека хумористичните елементи во илустрациите за децата се токму она што децата го сакаат.

Текстовите во содржината на списанието им дозволуваат на децата да го стимулираат говорот и негуваат јазикот, особено да ги учат со задоволство текстовите со ритам и рима и да ја развиваат нивната меморија преку повторување кратки стихови или текстови. Истовремено, децата учат вештини како фонолошка свест, звукотехника, разбирање и флуентоност.

Севкупно сумирано, небитно за кое списание станува збор, функцијата е иста. Тргнувајќи од сознајната која детето го напојува со нови вистини, факти информации, движејќи се кон воспитната која морално и етички го издигнува и го гради како човек, па сè до социјалната, отворајќи му можност да стапува во контакти со други деца, со нив да соработува, тимски да се оспособува, за на крај сето тоа во една естетска добро спакувана форма да излезе како краен резултат.



## ЛИТЕРАТУРА


Друговац, Миодраг. *Македонска книжевност за деца и младина од Цинот до чинго.* Скопје: Детска радост, 1996.

Друговац, Миодраг. *Историја на македонската книжевност 20 век.* Скопје: Мисла, 1990.

*Наш свет* 1997 (8. 1. 1997 28. 5. 1997)

*Наш свет* 18. 04. 1979.

*Развигор* 19701971 (1. 9. 1970 10. 6. 1971)

*Развигор* 1. 11. 1984.

*Развигор* 1998 (бр. 1020)

*Другарче* 15. 02.1983.


Jovanka D. DENKOVA

## MAGAZINES FOR CHILDREN AND YOUNG ADOLESCENTS IN REPUBLIC OF MACEDONIA, THEIR INTERMEDIALITY IN CHILDREN'S LITERATURE, THEIR COGNITIVE, AESTHETIC, SOCIAL AND EDUCATIONAL FUNCTION

Summary

This paper makes reference to the very beginning of the Macedonian folk and art literature intended for children and

young adolescents, to be shortly followed by the progress and development of the first generation Macedonian authors of this rank, most of whom were founders and editors of the early children's magazines in Macedonia right after the liberation. Immediately after, follows a detailed survey of several children's magazines from different time periods, methods of section structure and organization, together with their cognitive, aesthetic, social and educational function. Starting from the cognitive function that infuses new truths, facts and information into the child's brain, moving towards the educational function that both morally and ethically elevates and raises children into better persons, all the way to the social function that gives the child opportunities to communicate, collaborate and team up with other children, we reach the end where everything results in one aesthetically great end product of the whole process.

Key words: children's magazines, children's authors, educational function, social function, aesthetic function